МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста и информација на граѓаните за 2026 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста и информација на граѓаните за 2026 година, донесена на 6. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-11062/19**
**Датум:29.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24“), Советот на Општина Карпош, на 6. седница, одржана на 26. декември 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста и информација на граѓаните за 2026 година

**Вовед**

Секторот за односи со јавноста и информација на граѓаните преку изработка и имплементација на Програма за 2026 година ќе придонесе кон спроведување на активности од областа на комуникациите, поточно односите со јавноста на локалната самоуправа со целните публики: граѓаните на Карпош како општа јавност, и сите сегментирани јавности: медиумите, институциите, невладините организации и останатите заинтересирани страни.

Секторот во својот состав содржи две одделенија – Одделение за односи со јавноста и Одделение за информации на граѓаните. Проектните задачи кои се спроведуваат преку активностите во овие две одделенија во секторот, имаат за цел подигнување на транспарентноста на општината, подобрување на комуникацијата со граѓаните, поголема информираност и афирмација на граѓаните за активностите кои се преземаат и извршуваат од страна на локалната самоуправа.

## I. Развојни приоритети и цели

- Транспарентно и секојдневно информирање на граѓаните за работењето на општината
- Подобрување на двонасочната комуникација преку сеопфатност, квалитет и користење на сите современи алатки и постојни канали на комуникација
- Вклучување на сегментираната и општата јавност во решавањето на проблеми од локално значење и креирање на политики
- Креирање на дата база која овозможува поставување на краткорочни и долгорочни комуникациски стратегии

## II. Проектни активности

1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИТЕ СЕКТОРИ ПРЕКУ, СО ЗАКОН ПРОПИШАНИ ОБВРСКИ

1.1. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување во дневен весник на македонски јазик)
1.2. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување во втор дневен весник на македонски јазик)
1.3. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување во дневен весник на јазик кој го говорат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот)

2. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО МЕДИУМИТЕ, ПРЕКУ ПРЕТПЛАТА НА ДНЕВЕН И НЕДЕЛЕН ПЕЧАТ

3. ИЗРАБОТКА НА PRESS CLIPPING КАКО НЕОПХОДНА ДАТА БАЗА ВО КРЕИРАЊЕ НА КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА

4. СОРАБОТКА СО ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА, ЗА НАЈАВУВАЊЕ НАСТАНИ ЗНАЧАЈНИ ЗА ОПШТИНА КАРПОШ

5. СЕРВИСИРАЊЕ НА ФОТО ОПРЕМА, НАБАВКА НА ВИДЕО ОПРЕМА И КОМПЈУТЕРСКА КОНФИГУРАЦИЈА

6. РЕДИЗАЈН, НАДГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВЕБ СТРАНИЦАТА НА ОПШТИНА КАРПОШ

7. ОБУКИ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА, ЈАВЕН НАСТАП И ЈАВНО ГОВОРЕЊЕ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

| 1.1. | **Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.)** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи) согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл.) . |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, О<br>✓ пштината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди.<br>✓ Некои закони предвидуваат огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик различен од македонскиот . |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на транспарентноста и поголема информираност на граѓаните за општинските услуги. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Карпош, медиуми, стопански субјекти и невладини организации. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **1.000.000,00 денари** |

| 1.2. | **Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) во втор весник на македонски јазик** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи) согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл) . |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната властсо засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди.<br>✓ Некои закони предвидуваат огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик различен од македонскиот<br>✓ Според некои предметни закони огласувањето мора да оди во два дневни весници на македонски јазик, што упатува на дополнително обезбедување простор и средства во уште еден, нов, дневен весник за огласување на соопштенија и информации за потребите на Општина Карпош. |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на транспарентноста и поголема информираност на граѓаните за општинските услуги. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Карпош, медиуми, стопански субјекти и невладини организации. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **250.000,00 денари** |
| 1.3. | **Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) во дневен весник на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот)** |
| **Опис на активности:** | Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи) согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл) . |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната властсо засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди.<br>✓ Некои закони предвидуваат огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик којшто е различен од македонскиот |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на транспарентноста и поголема информираност на граѓаните за општинските услуги. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Карпош, медиуми, стопански субјекти и невладини организации. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **1.000.000,00 денари** |

| 2. | **Унапредување на соработката со медиумите, преку претплата на дневен и неделен печат** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Во континуитет или периодично, Општината има потреба од тековно информирање, но и увид за присуството во медиумите (традиционални и нови) со огласување на своите активности |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Презентација на општинските активности преку повеќе канали на комуникација, меѓу кои печатените и електронските медиуми,<br>✓ Зголемување на позитивната перцепција за одредени настани кои се важни за локалната заедница<br>✓ Поголема достапност до разновидна публика по возраст, образование, родова припадност и сл. |
| **Очекувани резултати:** | Поголема информираност на општинската администрација за актуелниите случувања во земјава и локалната заедница. |
| **Целна група:** | Вработени во општинската администрација. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **100.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| 3. | **Изработка на press clipping како неопходна дата база во креирање на комуникациска стратегија (од аутсорсинг компанија)** |
| **Опис на активности:** | Темелно и контролирано следење на медиумската перцепција и начинот на известување на традиционалните и електронските медиуми за активностите и работењето на локалната власт преку big data платформа. Најчесто користена и најпристапна е press clipping-от, која ја изработуваат специјализирани аутсорсинг компании |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Добивање на навремени квантитативни и квалитативни информации за медиумската перцепција за работата на Општината, Советот и градоначалникот<br>✓ Креирање или прилагодување на комуникациската стратегија соодветно на дневната, месечна анализа на текстови |
| **Очекувани резултати:** | Брзо и правилно насочување на комуникациите, подобрена слика и медиумска перцепција за Општината и индиректно на општата јавност |
| **Целна група:** | Медиуми, граѓани |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **330.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| 4. | **Соработка со информативна агенција, за најавување настани значајни за Општина Карпош** |
| **Опис на активности:** | Општината има потреба од соработка со информативна агенција која е најбрз и сеопфатен информатор на сите останати медиуми, како и |

| | |
|---|---|
| | информативен сервис |
| **Стратешки насоки и цели:** | Благовремено известување на јавноста |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување и благовремено најавување на општинските настани и активности |
| **Целна група:** | Граѓани, медиуми, НВО, институции |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **64.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| 5. | **Сервисирање на фото опрема, набавка на видео опрема и компјутерска конфигурација** |
| **Опис на активности:** | За потребите на Општина Карпош се продуцираат информативни видео записи и галерии фотографии кои се пласираат на интернет страницата, на социјалните мрежи, како и до сите медиуми.<br>Сервисирање на постоечката опрема и компјутерска конфигурација, како и набавка на дополнителна опрема и резервни делови по потреба |
| **Стратешки насоки и цели:** | Исправна и соодветна фото и видео опрема заради подобро, побогато и илустративно информирање на јавноста |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Поголема ефективност, транспарентност и подобра видливост на Општината, ажурирање на видео-информативната архива на локалната самоуправа |
| **Целна група:** | Граѓани, медиуми |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **250.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| 6. | **Одржување на веб странатa на Општина Карпош, хостинг и домејн** |
| **Опис на активности:** | За потребите на Општина Карпош потребно е да се обезбеди континуирана поддршка и одржување на веб страната на Општина Карпош, хостинг и домејн |
| **Стратешки насоки и цели:** | Стабилно илустративно информирање на јавноста |
| **Очекувани резултати:** | Поголема отчетност и подобар рејтинг на Општината |
| **Целна група:** | Граѓани, медиуми |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **60.000,00 денари** |

| 7. | **Обуки за односи со јавноста, јавен настап и јавно говорење** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | За потребите на Општина Карпош во насока на поголема транспарентност на институцијата, потребно е да се обезбеди надградување на вештините на административците (раководители на Сектори и вработени) за јавен настап и јавно говорење Спроведување на медија тренинг за потребите на општинската администрација |
| **Стратешки насоки и цели:** | Транспарентно и професионално информирање на јавноста |
| **Очекувани резултати:** | Поголема отчетност и подобар рејтинг на Општината |
| **Целна група:** | Граѓани, медиуми |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **200.000,00 денари** |

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 3.254.000,00 денари**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **3.254.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2026 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот за односи со јавноста и информации на граѓаните со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата, може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и градоначалникот на локалната самоуправа.

**Број: 09-11690/22**
**Датум: 26.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Христо Саракинов**